**ЗАПИСНИК**
**од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 22.08.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев и м-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Селвер Ајдини (оправдано отсутен, годишен одмор).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска и Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски, ја отвори 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. При тоа информира дека г-дин Јанчески ќе задоцни и побара Точката бр.1 да се помести за крај на Дневниот ред за да може на гласањето да присуствува и г-дин Јанчески.

Седницата започна во 12:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 11.08.2017 година.
2. Предлог-одлука за исплата на средства за ИПА 2011.
3. Предлог за давање одобрување за донесување Одлука за набавка на услуга-изработка, хостирање и одржување на веб страницата за медиумска писменост за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
4. Разно.

**Точка 2**

Раководителката на Одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата, Маја Дамевска, објасни дека од Министерството за финансии е пристигнато Барање за трансфер на национално кофинансирање на сметката на Национален фонд, по однос на трансфер на средства во износ од 25,00 евра во денарска противвредност за проектот за набавка на опрема за системот за надгледување на содржините на медиумите за Агенцијата. Образложи дека овие дополнителни трошоци се резултат на курсните разлики, и дека со оваа последна уплата се заокружува процесот, односно завршуваат финансиските обврски на Агенцијата што ги има за овој ИПА проект.

Г-дин Петрушевски, побара да се нотира во Записникот дека г-дин Јанчески е веќе присутен на седницата, притоа информирајќи го дека Точката бр.1 е поместена за крај на седницата за да може да присуствува на гласањето.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.13-3682/2 од 18.08.2017 година поднесен од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно даде одобрување за донесување одлука за исплата на средства за проектот „Набавка на опрема за системот за надгледување на содржината на медиумите за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги" (Supply of equipment for the system for monitoring media content (SMMC) for the pupposes of the Agency for Audio and Audiovisual Media Services)", во износ од 25,00 евра во денарска противвредност на денот на конверзија.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, исплатата на средствата да ја изврши согласно Договорот за обезбедување на национално кофинансирање за проектите финансирани од првата компонента од Инструментот за претпристапна помош – ИПА под децентрализиран систем за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош – ИПА (бр.27-13419/1 од 27.03.2013 и бр.03-1533/1 од 03.04.2013 година).

Трансферот на горенаведените средства треба да се изврши на 23.08.2017 година, најдоцна до 10.00 часот.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски објасни дека како нова активност поврзана со медиумската писменост е предвидена посебна веб страница за медиумска писменост.

Г-дин Петрушевски посочи дека во доставените материјали е изоставена техничката спецификација, меѓутоа непосредно пред почетокот на седницата им е поделена.

Г-дин Трајчев процедурално праша дали спецификацијата е формално информативна?

Г-дин Петрушевски одговори потврдно и дека Советот дава одобрување за постапката, исто како и што било досега.

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, м-р Драгица Љубевска објасни дека ова е набавка од мала вредност, за изработка, хостирање и одржување на посебна веб страница, која што ќе биде и на посебен domain - mediumskapismenost.mk . Domain-от веќе е закупен и фирмата која што ќе ја ангажираме треба да направи дизајн на веб страницата. Прецизираше дека на таа веб страница ќе се објавуваат информации, не само за активностите на Агенцијата, туку и информации од мрежата односно сите релевантни чинители за медиумска писменост. Предвидено е фирмата која што ќе го изработува ова да обезбеди и хостирање на веб страницата заклучно со 31 декември 2017 година, бидејќи според сегашниот договор за хостирање, има доволно простор за уште една веб страница. Додаде дека кога ќе се обновува договорот ќе се предвиди и оваа посебна страница. На веб страницата mediumskapismenost.mk ќе може да се пристапува и независно од официјалната веб страница на Агенцијата и ќе има линк кој што ќе води односно кој што ќе упатува на оваа посебна страница. Дополнително рече дека и фирмата која што ќе ја изработи и ќе ја хостира оваа посебна веб страница, воедно и ќе ја одржува 6 месеци од денот на ставање во функција на веб страницата.

Цената е, според нивната понуда, 30.500,00денари без вклучен ДДВ и бидејќи е набавка од мала вредност не подлежи на закон за јавни набавки.

Г-дин Фиданоски, праша дали по истекот на тие 6 месеци Агенцијата сама ќе си ја одржува веб страницата?

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, м-р Драгица Љубевска, одговори потврдно, објаснувајќи дека секогаш распишуваме јавна набавка за одржување на веб страницата, меѓутоа да не се доведеме во ситуација да останеме без одржување, бидејќи имаме тековен договор, односно за веб страницата avmu.mk, да не биде во истата година два пати распишуваме набавка за истата услуга, од тие причини е оставена набавката за следната година, односно компанијата се согласи да ја одржува веб страницата 6 месеци.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-3694/2 од 18.08.2017 година и даде одобрение Директорот на Агенцијата, да донесе одлука за набавка од мала вредност-услуга за изработка, хостирање и одржување на веб страницата за Медиумска писменост (www.mediumskapismenost.mk), за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, чија вредност нема да надмине износ од 30.500,00 денари без вклучен ДДВ.

**Точка 1**

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, м-р Драгица Љубевска имаше забелешка, која се наоѓаше на страна 2, вториот пасус, третата реченица од Предлог-записникот. Имено, во третата реченица од нејзиното обраќање, наместо „Решението беше одбиено...“ треба да стои „Барањето беше одбиено...“.

Советот, со корекцијата од м-р Драгица Љубевска, едногласно го усвои предложениот записник од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 11.08.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Бр. 02-3713/4**
**04.09.2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**